Врз основа на член 27 од Статутот на Приватното средно училиште Американска гимназија Скопје, Управниот одбор на ПСУ Американска гимназија Скопје, на седницата одржана на 25.11.2025 година, го распишува следниот

**КОНКУРС**
**за запишување ученици во учебната 2026/2027 година**
**во Американската гимназија Скопје**

Приватното средно училиште „Американска гимназија Скопје" – Скопје (American High School Skopje) распишува Конкурс за запишување ученици во учебната 2026/2027 година, со настава што се изведува на англиски јазик и тоа за 50 ученици во прва година гимназиско образование.

За учениците од втора, трета и четврта година од други средни училишта, кои сакаат да го продолжат своето образование во ПСУ „Американска гимназија Скопје" - Скопје, уписот ќе се врши врз основа на бројот на слободни места. Предност при уписот во училиштето за учениците кои ќе запишуваат погорна година, ќе имаат веќе запишаните ученици од ПСУ „Американска гимназија Скопје"- Скопје.

Доколку се пријават повеќе ученици од бројот предвиден во објавениот конкурс, по претходно мислење на Гимназијата, се применуваат дополнителни критериуми за упис. Како дополнителни критериуми се утврдуваат: дипломи од меѓународни и републички натпревари и испит на знаења.

## I. УСЛОВИ:

За да стекнат статус на редовен ученик во прва година гимназиско образование во ПСУ „Американска гимназија Скопје" - Скопје, кандидатите треба да ги исполнат следните услови:

- да имаат завршено основно образование
- да не се постари од 17 години
- да имаат соодветно познавање на англиски јазик* (што се утврдува преку дипломи од завршени курсеви по англиски јазик, резултати од официјални положени тестови за познавање англиски јазик или врз основа на претходно образование).

*Гимназијата го задржува правото да спроведе интерно тестирање на кандидатите за нивото на познавање на англискиот јазик.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:

- **Пополнета пријава за упис** (достапна во просториите на ПСУ „Американска гимназија Скопје")
- **свидетелства од шесто до деветто одделение**
- **извод од матичната книга на родените** (без оглед на датумот на издавање)
- **една мала фотографија** (5cm x 7cm)

Сите кандидати при аплицирање, односно при доставување на потребната документација за упис, ќе бидат интервјуирани од страна на соодветна комисија.

За рангирање и прием на кандидатите ќе одлучува Училишна комисија. Доколку оцени дека е потребно, Комисијата има право да побара од кандидатот дополнителна документација.

Учениците имаат право да се пријават и со дел од потребната документација за упис,  со тоа што истата задолжително треба да ја комплетираат најдоцна до завршување на уписниот рок од точка III, во кој аплицирале.

## III. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**Пријавувањето на кандидатите ќе се врши во следниве уписни рокови:**

- **Прв уписен рок до 24.6.2026 година;**
- **Втор уписен рок од 25.6.2026 година до 26.8.2026 година.**

Ако на конкурсот во првиот уписен рок останат непополнети места, се врши запишување во втор уписен рок.

Документите се доставуваат во просториите на ПСУ „Американска гимназија Скопје“ - Скопје на адреса бул. Трета македонска бригада бр. 60, Скопје 1000, лично од страна на кандидатот, во присуство на родител/старател.

Заинтересираните кандидати можат да добијат информации за упис на следниот контакт:


Американска гимназија Скопје
Трета Македонска Бригада 60, 1000 Скопје
+389 2 2469 993
+ 389 78 455103
info@ahss.edu.mk